

2007

# КЈУБИ МАКЕДОНИЈА
## Годишен извештај 2007

CENTRAL EUROPE
МАКЕДОНИЈА

## Содржина


| | Страна |
|---|---|
| Профил на Осигурување Кјуби Македонија | 4 |
| Порака од Претседателот на Управен одбор | 6-7 |
| Извештај на Генералниот менаџер | 8-9 |
| Извештај за неагентска продажба | 10-11 |
| Извештај за продажба преку агенти | 12-13 |
| Прием во осигурување | 14-19 |
| Штети | 20-21 |
| Информатичка технологија | 22 |
| Коментар на финансискиот извештај | 23-24 |
| Извештај на независниот ревизор | 27 |




# МИСИЈА НА КЈУБИ МАКЕДОНИЈА

Зголемување на капиталот на акционерите
Поддршка на продажната сила и обезбедување на постпродажна услуга во осигурувањето

# ВИЗИЈА НА КЈУБИ МАКЕДОНИЈА

Обезбедување на непобедливо квалитетни услуги на сите посредници и корисници на услугите во секое време

# ВРЕДНОСТИ НА КЈУБИ МАКЕДОНИЈА

Честитост и интегритет
Посветеност на работата
Тимска работа

# ПРОФИЛ НА КЈУБИ МАКЕДОНИЈА

Акционерското друштво за осигурување и реосигурување Кјуби Македонија е водечка и најстара компанија за осигурување во Р. Македонија.

Како почеток на развојот на осигурувањето на имоти и лица во Р. Македонија практично се смета 1 март 1945 година, кога е формиран Државниот осигурителен завод, попознат меѓу населението како ДОЗ. Од 21 ноември 1990 година денешната компанија на подрачјето на Р. Македонија започнува да делува како Акционерско друштво за осигурување и реосигурување Македонија, чии основачи се акционери - осигуреници на друштвото. Од ноември 1992 година за прв пат АДОР Македонија ја проширува својата дејност со активно реосигурување.

Кон крајот на март 2000 година познатата австралиска осигурителна и реосигурителна компанија “QBE Insurance Group”, стана сопственик на управувачкиот пакет акции и дојде и до промена на сопственичката структура на друштвото. Со тоа друштвото стана член на големото семејство на QBE Осигурителната групација.

Денес Кјуби Македонија е организирана како Акционерско друштво со Генерална дирекција, 1 филијала, 19 експозитури. Организациската поставеност на Генералната дирекција и Главната филијала-Скопје е со функционирање преку сектори и служби.

Согласно Статутот, усогласен со Законот за супервизија на осигурување и Законот за трговски друштва, во Друштвото е воспоставен двостепен систем на управување, Управен и Надзорен одбор.

По извршени организациони и структурни промени, на 31.12.2007 година во Друштвото се вработени 428 работника, од кои 226 се вработени во администрацијата и 202 во продажбата на осигурувања директно, или преку дистрибутивни канали.

Кјуби Македонија е ефикасна, фокусирана и финансиски стабилна компанија со големо познавање на домашниот пазар и со посветеност кон развивање на производите и иновации на услугите. Обезбедува широк спектар на врвни решенија за осигурување и реосигурување насочени кон задоволување на потребите на деловните субјекти, големи корпорации, мали и средни претпријатија, како и осигурувања за физички лица и домаќинства.

Нашиот тим е ангажиран за развој на имотните осигурувања, осигурување на последици од незгода, патничко осигурување, како и потрадиционалниот дел на осигурување моторни возила. Посебно се актуелни нашите деловни пакети и пакетот за семејства.

Посветени сме на ефикасно и проактивно работење со нашите агенти, брокери и другите партнери во процесот на осигурување, обезбедувајќи распространета мрежа и достапност на нашите производи до крајните корисници.

Преку постојан развој на производите и обезбедување на финансиски супериорна и квалитетна услуга при штетен настан, остануваме прв избор за осигурување.



# ПОРАКА ОД ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА УПРАВЕН ОДБОР



Претседател на Управен одбор,
Андреја Јосифовски

**Со задоволство можам да соопштам дека минатата 2007 година, беше уште една успешна година за нашата компанија.**

Кјуби Македонија продолжи да работи на стабилизација на осигурителниот портфел како долгорочна стратешка цел низ континуирано селектирање на пазарот. Приемот во осигурување низ проактивна работа со продажбата, а врз контролиран опфат на ризиците влијаеше позитивно на профитабилниот резултат.

Голем труд се вложи на остварување на поголем опфат на пазарот преку нови продажни канали, коишто веке во 2007 година ги покажаа првичните резултати. Преку систематско управување и насочување на овој нов дистрибутивен потенцијал на продажбата, а во рамки на управување на целиот систем на продажба, преку јакнење на постојната агентската продажба и добрата соработка со брокерите се обезбедува целина која одговара на сите барања на пазарот во Македонија.

Подмирувањето на постојните полиси за портфолиото живот кое што престана да се продава од септември 2004 година резултира со намалување на бруто полисираната премија. Ова е состојба што тековно повеке години влијае негативно на резултатот.

Во 2007 година на економски план немаше некои поголеми позитивни придвижувања коишто би влијаеле на стандардот на потенцијалните клиенти. Од таму осигурителниот портфел не се обнови со нова и свежа премија онолку колку што би очекувале.

Нашите цели за 2008 година се понатамошно развивање на дистрибитивните можности и



збогатување на понудата во насока на оставарување на доминација во профитабилните сектори на пазарот.

Покрај ова значајно е да се истакне дека создавањето и поттикнувањето на култура на претприемаштво и фокусираност кон клиентите, преку остварување на принципите на однесување на вработените спрема QBE OPENUP политиката, ќе донесат исчекор и препознатливост на пазарот со квалитетот на нашата понуда и услуга.

Кјуби Македонија е чекор напред пред останатите компании во Македонија кои се во процес на измена на сопственоста на капиталот и усогласување по тој процес. Кјуби Македонија е стабилен систем кој е спремен да одговори на сите предизвици на конкуренцијата и на пазарните услови. Оттаму нашето убедување дека 2008 година ке биде успешна како за вработените така и за сигурноста на капиталот на нашите акционери.

Им се заблагодарувам на моите колеги од раководството, на вработените и клиентите за нивната поддршка и соработка и посакувам успешна и плодна година.

Андреја Јосифовски
Претседател на Управен одбор

# ИЗВЕШТАЈ НА ГЕНЕРАЛНИОТ МЕНАЏЕР



Генерален Менаџер,
Бошко Андов

Осигурување Кјуби Македонија ја заврши 2007 година со позитивен резултат и добивка пред оданочување од 62.2 милиони денари и добивка по оданочување 48.9 милиони денари.

Во 2007 година продолживме со трендот на подобрување на резултатите, како и со стабилизација на осигурителниот портфел. И покрај лошиот микс на осигурителните производи во Македонија каде што околу 73% од целиот пазар е АО и каско, успеваме да работиме со стабилна добивка.

Во делот на осигурување моторни возила позитивно би го оценил воведувањето на централниот систем за полисирање и евиденција на штети по АО во рамките на Националното Биро, со што се намалува можноста за манипулација со тие полиси од страна на одредени компании на пазарот за што имаше многу сомневања во минатото.

Сепак негативна појава е зголемувањето на неосигурените возила што не води кон зголемени трошоци, како нас компаниите, така и лицата кои што регуларно и редовно си купуваат АО полиси. Само во 2007 година, Кјуби Македонија учествува во гарантниот фонд со околу 40 милиони денари за исплата на штети кои се настанати од неосигурени возила, а како што знаеме регресите се многу тешко наплатливи. Воведените критериуми за исплата на нематеријални штети со Законот за задолжително осигурување во 2005 година, Уставниот суд за жал ги укина, па повторно имаме ситуација кога одредени судови и судии да дават неконтролирано и неоправдано огромни надоместоци за нематеријални штети. Таквата пракса неминовно ќе доведе до зголемување на цената на АО или пак до работа со загуба на осигурителните компании.

Во изминатата 2007 година неколку македонски осигурителни компании беа преземени од страна на странски осигурителни куќи. На оваа состојба гледаме позитивно и тоа е генерално добро за бизнисот, но и за нашата земја. Компаниите кои доаѓаат од земјите на ЕУ или пак OECD имаат веќе востановени работни процедури и кодекси, што за жал не можеме да кажеме дека е пракса во Македонија. Некои големи промени во нивното работење не очекувам веднаш, па дури ниту во првата година од преземањето, но потоа ќе надвладеат бизнис логиката и начинот на работење кој што е типичен за развиениот свет. Наш најголем адут во однос на нив е што тука имаме предност, односно ние веќе работиме според тие бизнис логики.

Сеуште голем проблем за целиот осигурителен бизнис е слабата економија, и премиите се ниски. Останува уверувањето дека и покрај постоечката структура и куповната моќ на македонското општество, со добар прием во осигурување, навремена исплата на штети и доволно широк обем сите класи на бизнис се профитабилни.

Позитивно влијание очекуваме со измената на Законот за супервизија, особено делот со кој ќе се регулира статусот на осигурителните агенти, на чија имплементација уште се чека.

Покрај тоа во 2007 година работевме активно на создавање на нови дистрибутивни канали за нашите производи. Нашите очекувањата од ова се зголемување на продажбата, што е основа на целото наше работење. Ние ќе ги искористиме сите можности за да ја зголемиме нашата бруто премија, со класи на осигурување кои нам ни се прифатливи и по законски методи.

Во 2008 година, имаме план за одредено зголемување на премија, нормално во обем кој што е реален за пазарот во Македонија во овој момент. Исто така, планираме да продолжиме да работиме со добивка, бидејќи тоа е и наша обврска спрема сопствениците. Не можам да кажам дека очекувам полесна година од 2007 пред се бидејќи на самиот осигурителен пазар во Македонија ќе му биде потребно далеку подолг период од само една година, за да започне да функционира како модерен.

Им се заблагодарувам на сите колеги и на нашите клиенти за поддршката во текот на 2007 година. Верувам дека во годината пред нас ќе продолжиме со успешната соработка.

Генерален Менаџер
Бошко Андов

**62.200**
милиони денари

ДОБИВКА ПРЕД ОДАНОЧУВАЊЕ

**48.900**
милиони денари

ДОБИВКА ПО ОДАНОЧУВАЊЕ

# ПРОДАЖБА



Менаџер за неагентска продажба,
Филип Мешков

## НЕАГЕНТСКА ПРОДАЖБА

Организациски, неагентската продажба опфаќа работа со:

- Брокери;
- Туристички агенции;
- Станици за технички преглед на моторни возила;
- Банки;
- Други дистрибутивни канали

Успешната соработка со брокерите продолжи и во 2007 година. Соработката се одвива со давање на осигурителни понуди и полиси со најоптимално покритие за клиентите за сите осигурителни продукти од палетата на Осигурување Кјуби Македонија. Вкупно фактурираната премија преку брокери за 2007 година изнесува 80 милиони денари.

Соработката со туристичките агенции и во 2007 година се одвиваше преку промоторот за патничко осигурување кој беше одговорен и за продажбата на патничко осигурување преку банките и брокерите. Потпишани се 9 нови договори за соработка со пове е туристички агенции. Исто така заради неуспешната промоција на нашиот продукт од страна на некои туристички агенции бевме принудени да раскинеме неколку предходно склучени договори. Туристичките агенции во 2007 година заедно со банките и брокерите продадоа полиси за патничко осигурување во износ од 12 милиони денари што е за 3% повеке од 2006 година.

Во 2007 година се задржа стратегијата за работа со станиците за технички преглед на моторни возила преку три регионални координатори. Продажбата во 2007 преку овој дистрибутивен канал го достигна износот од 333.милиони денари што е за 8% помалку во споредба со 2006 година. Сепак трендот на опаѓање на продажбата на осигурување од автомобилска одговорност преку станиците за технички преглед кој има континуитет од 2001 година е речиси сопрен имајќи предвид дека истиот изнесуваше 34% во 2006 во однос на 2005 година.

Продажбата преку банките и другите дистрибутивни канали забележа значителен развој во 2007 година.

Зголемената побарувачка на кредити за купување на станови и моторни возила продолжи и во 2007 со значителна продажба на домаќинско и каско осигурување во висина од 37 милиони денари што е за речиси 90% повеќе од 2006 година.

## ПРОДАЖБА



# ПРОДАЖБА ПРЕКУ АГЕНТИ

## Регион Скопје и Западна Македонија

Западниот регион го оствари во целост буџетот планиран за 2007 година. Особено е значајно тоа што ова остварување се случи кога имаше промени во законските регулатива за осигурителните друштва, појава на нови осигурителни субјекти што ја зголеми конкуренцијата на пазарот и намалената куповна моќ на нашите клиенти.



Регионален менаџер за продажба,
Зоран Алексовски

Буџетот за 2007 година е остварен со 105% што значи дека и покрај горенаведеното има позитивни трендови во работењето. За остварување на поставените цели се работеше на проширување на продажната мрежа. Во текот на 2007 година со измените и дополнувањата на Законот за осигурување се овозможи формирање на друштва за посредување. Буџетот е остварен со работа на 8 тимови со 91 агент и 37 дистрибутивни канали.

Наплатата на премијата во 2007 година изнесува 352 милиони денари и споредено со истиот период во минатата година имаме 98.7% наплата.

Трендот на благ пораст на полисираната премија во 2007 година се должи на :
- обнова на постоечките осигурувања
- склучување договори со нови клиенти
- проширување на продажната мрежа
- квалитетна услуга

И покрај тоа што на пазарот е присутна нелојална конкуренција треба да се истакне дека во 2007 година го задржавме портфелот во целост успеавме да ги обновиме сите поголеми клиенти. Верувам дека овој тренд ќе продолжи и во 2008 година.

## Регион Скопје и Источна Македонија

За разлика од минатата 2006 година кога имавме незначително помало остварување од остварувањето во 2005 година, во изминатава 2007 година постигнавме значаен успех.

Успеавме да полисираме околу 8% повеќе премија, односно, за разлика од 289 милиони денари во 2006 сега во 2007 полисиравме 312 милиони денари. Овој успех се должи на зголемување на активностите на агентите за осигурување, како и на зголемениот број на надворешни соработници.



Регионален менаџер за продажба,
Марјан Оручоски

Наплатата на премијата исто така е еден од главните фактори кои ја определуваат успешноста во нашето работење па така слободно можеме да напоменеме дека и во тој дел на работењето, регионот Скопје - исток постигна значаен успех. Во изминатата 2007 година наплативме околу 324,7 милиони денари за разлика од 2006 кога имавме наплата од 317,7 милиони денари.

Во изминатата 2007 година посебно се фокусиравме на развој на продажната мрежа и акцент ставивме на пронаоѓање на нови дистрибутивни канали, нивна обука, и помош во нивното организирање. Со вонредни активности и сесрдно залагање од страна на повеќето тим менаџери, успеавме да создадеме предуслови за промовирање на неколку правни лица кои во наредниот период оправдано ќе конкурираат да бидат наши главни дистрибутивни канали преку кои ќе се одвива прадажбата на осигурителните продукти, секако паралелно со постоечката продажна мрежа.

Соработката помеѓу продажбата и останатите служби во компанијата во 2007 беше на завидно ниво. Посебно може да се истакне дека Центарот за поддршка на продажбата професионално и посветено го пратеше жестокото темпо кое агентите од нашиот регион го наметнаа во годинава што измина, и сметав дека на овој начин треба да им оддадеме признание за добро завршената работа. Во наредниот период очекуваме прогресивно да го зголемуваме бројот на застапници па така веројатно ќе се зголемат обрските и активностите и на останатите служби. Се надеваме дека истите брзо к е се прилагодуваат према потребите на продажбата како и досега.

Во наредната 2008 година очекуваме да ја зголемиме полисираната премија повторно за околу 8% во делот на сите видови на осигурувања освен во делот на осигурување на живот каде природно не можеме да делуваме а додека во делот на осигурување на автомобилска одговорност очекуваме и многу поголемо зголемување, дури и над 200%, најмногу поради промените во начинот на дистрибуција на тој продукт а и поради зголемениот број на застапници.

На крај, да истакнам дека во очекување на конечно имплеметирање на предвидените законски промени, ние во нашиот регион Скопје - исток напорно се спремаме истите да ги дочекаме организирани и прилагодени и сигурни сме дека во на крај на 2008 година ке го постигнеме очекуваниот успех.

# ПРИЕМ ВО ОСИГУРУВАЊЕ



Менаџер за прием во осигурување,
Веснa Ѓорчева

## ОСИГУРУВАЊЕ НА ЛИЦА

### Осигурување од незгода

Како резултат на општиот тренд на пазарот за намалување на цените на осигурувањето од незгода, во 2007 година дојде до натамошно опаѓање на полисираната премија за овој вид на осигурување. Со вклучувањето на се поголемиот број на осигурителни компании во борбата за освојување на што поголем дел од пазарот за осигурување од незгода, дојде до натамошно сегментирање на овој пазар и намалување на општото ниво на цените.

Полисираната премија за осигурувањето од незгода за 2007 година изнесува 155.2 милиони денари што претставува намалување од 8% во однос на полисираната премија за 2006 година.

Во текот на годината, продолжија активностите околу превземање на мерки во однос на оние осигуреници кои со своите технички резултати негативно влијаат на вкупниот технички резултат на портфолиото. Исто така, се превземаа и стимулативни мерки во однос на оние клиенти кои имаат долгогодишна доверба кон нашата компанија и остваруваат позитивни технички резултати.

Износот на ликвидирани штети од осигурување од незгода за 2007 година изнесува 98.9 милиони денари. Во однос на ликвидираните штети во 2006 година тој износ претставува намалување за 10.5%.

Намалувањето на износот на ликвидирани штети за поголем процент од намалувањето на износот на полисирана премија укажува на подобрување на профитабилноста како резултат на претходно превземените мерки со таа цел.

За 2008 година се очекува развој на осигурувањето од незгода во смисла на проширување на понудата на производи за осигурување од незгода кои ќе одговорат на барањата и потребите на пазарот и ќе бидат насочени кон нови целни групи на осигуреници. Изнаоѓање на нови начини на дистрибуција на осигурувањето од незгода како и поголем развој на овој вид на осигурување на индивидуално ниво се исто така цели за чие остварување ќе се работи во наредниот период.

### Патничко осигурување

Полисираната премија за патничко осигурување во 2007 година изнесува 35 милиони денари. Во однос на 2006 година премијата е намалена за 9.5%, со истовремено зголемување на бројот на полиси. Тоа се должи на фактот што во почетокот на 2007 година, под притисок на силната конкурентска борба на пазарот, беа намалени цените за патничкото осигурување и воведени опции за франшизи со што се овозможуваше дополнително поефтинување на овие производи. Како резултат на тоа, се зголеми продажбата на полиси за патничко осигирување, но нивото на премијата и понатаму продолжи да опаѓа како резултат на значително намалените цени.

На почетокот на 2007 година се промовираше продажбата на полиси со осигурително покритие со важност само во Република Бугарија воведени поради потребата на македонските граѓани за патничко осигурување при аплицирање за бугарски визи. Овие полиси беа направени по аналогија на полисите за патничко осигурување само за Република Грција, со многу ниска цена, со задолжителна франшиза и



ограничена територијална важност.

Полисите за патничко осигурување само за Република Грција кои се продаваа преку шалтерите на Стопанска банка, веќе не се продаваа во тој обем како претходната година, поради измените во начинот на аплицирање за виза за Република Грција, што придонесе клиентите да го одложат купувањето на полисата за подоцна, а не во истиот момент кога плаќаат



за виза.

Во 2007 година износот на ликвидирани штети изнесуваше 5.6 милиони денари што претставува намалување за 2% во однос на износот на штети ликвидирани во 2006 година.

За 2008 година се очекува заострување на конкурентската борба на пазарот, која наместо со намалување не цени, зема насока на зголемување на провизијата на различните дистрибутивни канали преку кои се нуди овој вид на осигурување.

## Осигурување живот

QBE Лондон - доминантниот сопственик на Осигурување Кјуби Македонија а.д. Скопје во светски рамки не го продава осигурувањето живот. Поради тоа, нашата компанија само ги сервисира постоечките договори за осигурување живот во Македонија.

Во 2007 година продолжи намалувањето на полисираната премија за осигурување живот поради тоа што не се склучуваат нови договори, а се поголем број од постоечките договори истекуваат или се откупуваат од страна на клиентите.

Полисираната премија за 2007 година изнесува 52.6 милиони денари што претставува намалување за 27% во однос на 2006 година.

Во текот на 2007 продолжи работата на секцијата за сервисирање на постоечките договори за осигурување живот која ги извршува сите активности во врска со полисите: распределба на премијата, испраќање на разни писма и известија до клиентите како и следење на состојбата на портфелот.

Износот на ликвидирани штети по осигурувањето живот во 2007 година изнесува 131.3 милиони денари што претставува зголемување за 21% од износот на штети ликвидирани во 2006 година.

За 2008 година се очекува продолжување на трендот на намалување на портфелот на осигурување живот. На тоа ќе влијае договорениот рок на доспевање на полисите како и очекуваниот број на откупи на постоечките полиси.



# ОСИГУРУВАЊЕ НА ИМОТИ



## Имот

Условите за работење во 2007 година беа главно на исто ниво како и во претходната година од аспект на нелојална конкуренција во осигурителниот бизнис во нашата држава.

Планот на полисирана премија во 2007 година е остварен со 81%.

Полисирана премија во 2007 во однос на 2006 е намалена за само 0.81 %.

Новите осигурувања во вкупно полисираната премија учествуваат со 24.90%.

Меродавните штети во 2007 во апсолутен износ се зголемени за 10.9%. додека меродавната премија е намалена за 3.5%.

Меродавниот технички резултат е 34.21% за разлика од минатата година кога тој изнесуваше 30%. Ова пред се се должи на незнатното зголемување на меродавните штети.

Она што се наметнува како најважен показател тоа е секако фактот што трендот на опаѓањето на премијата е конечно запрен во 2007. Полисираната премија е скоро иста во однос на 2006, а релативното намалување на меродавниот резултат (од 30 на 34.21% е резултат на релативното зголемување на меродавните штети.

Имајќи го предвид и движењето на меродавните штети (незнатно зголемување) во целина гледано севкупното работење на секторот може да се оцени како позитивно, пред се од аспект на зауставување на долгогодишниот пад на полисираната премија.

Генералната политика за подобрување на профитабилноста продолжи и во 2007 година и поради тоа и понатаму продолжи трендот на откажување на договори за осигурување кои досега се покажале како нерентабилни и осигурувања за кои не се плаќа премијата за осигурување.

Во текот на годината бевме присутни на сите објавени тендери, што резултираше со многу голем успех во нивното добивање, иако генерално продолжи трендот на објавување на тендери за осигурување без однапред утврдени стандарди за содржината на понудата. Сето тоа допринесе да се повторуваат тендерите по два или три пати, и нив да ги добиваат останатите осигурителни компании, понекогаш и покрај нашата реална компаративна предност.

## Кредитни осигурувања

Во 2007 година имавме стагнација на кредитните осигурувања бидејќи како бизнис се оценети за високоризични во прием во осигурување. Интерес за осигурување на потрошувачки кредити од страна на банките постои, но цената на нивното пласирање со вклучено осигурување се зголемува и на пазарот стануваат неконкурентни. Во соработка со банките

се работи на подобрување на условите за осигурување на кредити.

Осигурување на ризикот фалсификат на странски средства за плаќање и во 2007 задржа стабилно ниво и позитивнен технички резултат од 80%.

Издавање на гарантните писма за влезна гарнција за ТИР режим, во 2007 продолжи со помал интензитет поради влијанието на конкуренцијата на пазарот, но и покрај тоа овој бизнис е позитивен.

## Транспортни осигурувања

Во 2007 годишниот план за транспортните осигурувања (карго и одговорност на превозникот ЦМР во домашен и меѓународен транспорт) е остварен со 88%.

Процентот на штети во однос на полисираната премија е под 50% и е остварен позитивен резултат од 54%.

Транспортните карго осигурувања се профитабилни и очекуваме уште поголем интерес и профит за овој бизнис во 2008 година.



За ЦМР - осигурување на одговорност на превозникот во домашен и меѓународен транспорт, во 2007 година во однос на 2006 година, полисираната премија се зголеми за 29%. Интересот за овие осигурувања од страна на превозниците кои работат меѓународен транспорт е во постојан пораст. Во 2008 година очекуваме да се зголеми побарувањето на овие осигурувања и по број на осигуреници и по полисирана премија. Полисата за ЦМР е многу важен услов за превозниците кои работат во државите на европската унија и е доказ за нивната професионалност како превозници.



## ОСИГУРУВАЊЕ НА МОТОРНИ ВОЗИЛА

Како и во претходите години и во 2007 година продолжи сегментирањето на осигурителниот пазар од аспект на осигурување на моторни возила. Конечно е запрен трендот на опаѓањето на премијата за задолжително осигурување на моторни возила. Имено, полисираната премија во 2007 година, бележи пораст од 5.3% во однос на полисираната премија во 2006 година. Продолжува позитивниот тренд на намалување на штети кој најдобро може да се забележи во движењето на настанатите штети: пад од 19% во споредба со 2006 година. Токму ова намалување во текот годината придонесе да го подобриме техничкиот резултат за 16%, што во голема мера ќе влијае на идните развојни цели во однос на овие видови осигурување.

Во текот на 2007 година се воведе бонус / малус системот во задолжителното осигурување од автомобилска одговорност. Истиот се применува преку воведувањето на централниот регистер за штети и полиси за осигурување од автомобилска одговорност во рамките на Националното Биро за осигурување.

Премијата по основ на каско осигурување во 2007 година бележи мал пад од 2.2% во однос на претходната година. Но, деталното и внимателно следење на резултатите на ниво на клиент овозможи намалување на настанатите штети од 16.5% во однос на 2006 година. Токму овој факт доведе до понатамошно подобрување на техничкиот резултат, намалување од 8.75% во текот на 2007 година во однос на претходна година.

Наша примарна цел во 2008 година е зајакнување на нашата позиција, како и зголемување на процентуалното учество на целиот пазар. За нејзино остварување, работиме на формирање на нови производи со цел да излеземе во пресрет на барањата на нашите лојални клиенти, како и придобивање на нови клиенти од внимателно избраните целни групи.

## ПРОДУКТ МИКС 2007



# ШТЕТИ



Менаџер за штети,
Ристе Крстески

Поголемите штети проценети во 2007 година се причинети од ризик експлозија во осигурување имот, потоа штета од разбојништво и штета во индустрија заради откажување на уред за регулација. Во делот на транспорт-штета од кражба при пренос на пари и во делот на незгода штета како последица на болест при патување. За моторни возила најголеми беа штетите од кражба на возила.

Вкупниот број на пријавени штети во моторни возила по осигурување автомобилска одговорност и зелена карта во 2007 година изнесува 4.143. Споредено со предходните две години 2005 и 2006 година покажува процентуално опаѓање во однос на 2005 год. за 31.3% а во однос на 2006 година за 23.3%.

Бројот на пријавени нематеријални штети во 2007 година во однос на вкупно пријавени штети изнесува 21.75%.

Комуникацијата со клиентите кои пријавиле штета е непосредна и обезбедува увид во состојбите детално и квалитетно за решавање на предметите. Повеќе време е потребно за меѓународни штети каде секогаш се чека на согласност од странска компанија.

Постигнато е подобрување во ликвидацијата на штети со вонсудски потпишани спогодби, со што се намалија судските предмети и износи за плаќање, со брзо ликвидирање и плаќање на штети. Исто така се води сметка за навремена наплата на регресите преку Националното Биро на Р.М со навремено доставување на предмети и редовно следење и наплата на меѓународни штети.

Бројот на вкупно пријавени каско и делумно каско штети во 2007 година изнесува 1.462 штети. Очигледно е опаѓањето на пријавени штети како и во автомобилска одговорност.

Процентот на опаѓање на сите видови на штети во моторни возила е за 18% во однос на 2006 година. Опаѓањето на штети се должи на опаднатиот број на осигуреници.

Минатата година бројот на пријавени и ликвидирани штети во неживот (имот и транспорт) како и во делот на незгода и патничко е за 20% помал од ланската година. Најголем пад на бројот на пријавени штети има кај осигурувањето од кредити за 83% помалку, потоа кај осигурувањето незгода за 20% помалку од 2006 година.

Во текот на 2007 година и понатаму продолживме со подобрување на апликациите, воведување на евиденцијата на документи по штета и особено се ангажиравме околу тестирање на програмите со апликациите и извештаите од штети за пуштање во употреба на БАМ проектот.

Планираме за 2008 година да стартува БАМ проектот со кој ќе се овозможи поголема брзина и увид во податоци од сите експозитури. За осигурениците од незгода, конкретно за Скопје цензорирањето ќе се врши во просториите на Кјуби Македонија од страна на избраниот цензор.

Со поголема транспарентност и флексибилност да се постигнат резултати кои ќе значат успех за компанијата, но и ќе влијаат за одржување и зголемување на премијата.

Во март месец 2007 година во Секторот штети се издвои делот од правната служба кој имаше обврска за работа со регреси, и се формира нов дел кон кој се приклучи Службата за пријава на штети и скенирање на документи, со што настана нова служба Служба за пријава на штети и регреси. Во делот на скенирање воведовме новина со скенирање во сите фази на прием на документите, за сите видови осигурување, односно сите штети.

Во рамките на спроведување на политика за подобрување на наплатата, постојано се прават залагања за воспоставување на пракса за вонсудска наплата на регресниот долг. Резултатите во однос на претходните години што се однесува до наплатата на регресните побарувања се евидентни.

Во 2008 ќе се фокусираме кон вонсудска наплата на преостанатеите регресни побарувања.



# ИТ



Менаџер за ИТ,
Кевсер Лаличик

Основна функција на ИТ секторот во Кјуби Македонија е подршка на бизнисот за поефикасно и поуспешно работење што е насочена во повеќе правци покривајќ и го апликативниот и системскиот софтвер, базата на податоци, хардвер, маил и мрежи, примена на ИТ политиката за безбедност и лиценцната политика според стандардите на QBE групацијата, примена на политиката на управување и следење на ИТ проектите и ресурсите преку функционирањето на УОСИТ и секако усогласување на ИТ работењето со локалната законска регулатива.

Во 2007 година го завршивме БАМ Проектот со кој се овозможи:

- 24x7 достапност на апликациите и ИТ сервисите од различни географски области користејќи само интернет,
- Нови потенцијални фукционалности за бизнисот (портал, база на решенија, информации....),
- Овозможување на Кјуби Македонија бизнис корисниците надвор од Скопје со нови лимитирани фукционалности (реализирање локално на дел од дневните активности на службата за поддршка на продажбата, подобра услуга за нашите клиенти надвор од Скопје - дел за пријава и процена на штети) ,
- Обезбедување ИТ поддршка за Кјуби Македонија бизнис партнерите (брокери, надворешни агенти....),
- Можности за експанзија во регионот со користење на постојната инфраструктура, човечки ресурси и софтверски решенија.

Други поважни проекти на кои ИТ работеше во текот на 2007 се: архива на штети, проект НБО централен регистар на полиси, МТПЛ Украина, законски измени во апликации за кадрово, плати, годишна даночна пријава, лекарска грешка, инсталација на тиволи агенти, дополување на апликација за штети, преработка на кодна анализа, воведување и евидентирање на траен налог како инструмент за плакање, подготовки за имплементирање на е-банкинг и уште многу други проекти.



# КОМЕНТАР ЗА ФИНАНСИСКИТЕ РЕЗУЛТАТИ ОД РАБОТЕЊЕТО ЗА 2007 ГОДИНА



Менаџер за финансии,
Маргарета Гошева

Осигурување Кјуби Македонија а.д. Скопје во 2007 година оствари добивка пред оданочување во износ од 62.2 милион денари, односно добивка по оданочување во износ од 48.9 милион денари (живот-неживот).

Во осигурувањата неживот остварена е добивка пред оданочување во износ од 70.8 мил која по одбивање на пресметаната обврска по основ на данок на добивка во износ од 13.2 милион денари, изнесува 57.6 милиони денари. Во осигурување живот остварена е загуба во износ од 8.6 милиони денари.

Споредено со нето добивката од 38.9 милиони денари во 2006 год во 2007 година компанијата оствари финансиска добивка во износ од 48.9 милион денари што се должи на продолжување на политиката на QBE за склучување на профитабилни осигурувања и откажување на непрофитабилните класи на осигурување, како и вложените напори и постигнатите резултати за наплата на стари побарувања.

Компанијата продолжи со политика на финансиска стабилност, ликвидност и одржување на солвентност. Сето тоа е главно као резултат на следното:

- успешно управувана и селективна продажба на осигурување, односно продукција на премија, насочена кон осигуреници кои се карактеризираат со позитивни технички резултати, профитабилност и солвентност;
- реосигурително покритие споредено со 2006 година останува со ист квалитет во 2007 година односно преку непропорционалните реосигурителни договори и стабилно портфолио;
- контролирана, централизирана и стручна обработка, резервирање и надомест на штети што споредено со 2006 година доведува до намалување на нето штетите од 19.9%и намалување на резервациите за штети за 1.8 пати.

Во текот на годината многу полиси од осигурување живот кои имаа истек беа исплатени што придонесе за значително намалување на математичката резерва во билансот на успех.

Во текот на 2007 година, портфолиото на неживотните осигурувања остана стабилно и покрај големата конкуренција на осигурителниот пазар и понуди без однапред утврдени стандарди за содржината на понудата.

Во 2007 година компанијата продолжи со ригорозно и конзервативно резервирање на ненаплативите побарувања, како по основ на премија така и по основ на вложувања, насочено кон презентирање на позициите во биланот на состојба и резултатите од работењето на принцип на нето изложеност и согласно барањата на меѓународните сметководствени стандарди.

Со оваа пракса, позициите на **побарувањата**

по основ на премии и по основ на вложувања се сведоа на нивната реална нето вредност, и придружено со насоченоста на компанијата кон солвентни осигуреници, се овозможи реално и навремено резервирање во текот на 2007 година.

Политиката на успешно управувани, контролирани и добро планирани трошоци резултира со намалување на трошоците од работењето од 3.9% во однос на истите во 2006 година. Финансискиот индикатор за трошоци од работење во однос на нето запишаната премија изнесува 46% и се должи на падот на запишаната премија во однос на обемот на трошоците.

Кјуби Македонија поседува капитал кој целосно ги задоволува барањата на Законот за супервизија на осигурувањето и барањата на Одделението за супервизија на осугурувањето за гарантиран капитал, и во ниеден момент не бил под потребниот минимум за секој вид осигурување.

Вложувањата од капиталот, како и од техничките резерви исто така се во согласност со барањата на Законот за супервизија на осигурувањето во однос на лимитите за вложувања како и поединечните лимити по вид на извор и вложување.

Маргината на солвентност е во износ кој целосно ги задоволува законските барања и капиталот на компанијата ја надминува потребната минимална маргина на солвентност за 5.5 пати.





## КЛУЧНИ ФИНАНСИСКИ ИНДИКАТОРИ

| | 2006 | 2007 |
|---|---|---|
| Цедирана премија во однос на бруто полисирана премија | 7.41% | 7.77% |
| Бруто штети во однос на бруто полисирана премија | 72.67% | 62.84% |
| Бруто провизија во однос на бруто полисирана премија | 3.63% | 3.29% |
| Повраток на штети од реосигурување во однос на цедирана премија | 61.96% | 105.83% |
| Провизија од реосигурување во однос на цедирана премија | 19.76% | 7.40% |
| Нето штети во однос на нето премија | 78.48% | 59.23% |
| Нето провизија во однос на нето премија | -2.44% | -2.95% |
| Нето провизија во однос на нето премија | 52.05% | 46.14% |
| Комбиниран резултат од работење | **128.1%** | **102.4%** |

# Содржина


| | |
|---|---|
| Независно ревизорско мислење | 27 |
| Биланс на успех | |
| Технички резултат - осигурување неживот | 29 |
| Технички резултат - осигурување живот | 30 |
| Нетехнички резултат | 30 |
| Биланс на состојба | |
| Осигурување неживот и осигурување живот | |
| Осигурување живот | |
| Промени во капиталот | 33 |
| Извештај за паричен тек | 34 |
| Забелешки кон финансиските извештаи | 35-51 |

PRICEWATERHOUSECOOPERS

PricewaterhouseCoopers dooel
ul. Marshal Tito 12,
"Palata Makedonija" IV floor
1000 Skopje
Republic of Macedonia
Telephone +389 (02) 3116 638
+389 (02) 3111 012
+389 (02) 3110 623
Facsimile +389 (02) 3116 525
www.pwc.com/mk

## ИЗВЕШТАЈ НА НЕЗАВИСНИОТ РЕВИЗОР

***До Собранието на Акционерите и Управниот Одбор на QBE Македонија А.Д. - Скопје***

***Извештај за финансиските извештаи***

Ние извршивме ревизија на приложените финансиски извештаи на QBE Македонија А.Д. - Скопје, кои што го вклучуваат билансот на состојба заклучно со 31 декември 2007 година, како и билансот на успех, извештајот за промени во главнината и извештајот за парични текови за годината која што завршува тогаш и прегледот на значајните сметководствени политики и други објаснувачки белешки.

***Одговорност на менаџментот за финансиските извештаи***

Менаџментот е одговорен за подготвувањето и објективното презентирање на овие финансиски извештаи во согласност со законските регулативи кои се применуваат во Република Македонија. Оваа одговорност вклучува: обликување, имплементирање и одржување на интерна контрола која што е релевантна за подготвувањето и објективното презентирање на финансиски извештаи коишто се ослободени од материјално погрешно прикажување, без разлика дали е резултат на измама или грешка; избирање и примена на соодветни сметководствени политики; како и правење на сметководствени проценки кои што се разумни во околностите.

***Одговорност на ревизорот***

Наша одговорност е да изразиме мислење за овие финансиски извештаи врз основа на нашата ревизија. Ние ја спроведовме нашата ревизија во согласност со Меѓународните стандарди за ревизија. Тие стандарди бараат да ги почитуваме етичките барања и да ја планираме и извршиме ревизијата за да добиеме разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешно прикажување.

Ревизијата вклучува извршување на постапки за прибавување на ревизорски докази за износите и обелоденувањата во финансиските извештаи. Избраните постапки зависат од расудувањето на ревизорот, вклучувајќи ја и проценката на ризиците од материјално погрешно прикажување на финансиските извештаи, без разлика дали е резултат на измама или грешка. Кога ги прави тие проценки на ризикот, ревизорот ја разгледува интерната контрола релевантна за подготвувањето и објективното презентирање на финансиските извештаи на ентитетот за да обликува ревизорски постапки кои што се соодветни во околностите, но не за целта на изразување на мислење за ефективноста на интерната контрола на ентитетот. Ревизијата исто така вклучува и оценка на соодветноста на користените сметководствени политики и на разумноста на сметководствените проценки направени од страна на менаџментот, како и оценка на севкупното презентирање на финансиските извештаи.

Ние веруваме дека ревизорските докази коишто ги имаме прибавено се доволни и соодветни за да обезбедат основа за нашето ревизорско мислење.



PRICEWATERHOUSECOOPERS

***Мислење***

Според нашето мислење, финансиските извештаи даваат вистинска и објективна слика на финансиската состојба на QBE Македонија А.Д. - Скопје заклучно со 31 декември 2007 година, како и на неговата финансиска успешност и неговите парични текови за годината којашто завршува тогаш во согласност со законските регулативи кои се применуваат во Република Македонија.

Управител
Љубе Ѓорѓиевски
Скопје
1 април 2008
ПрајсвотерхаусКуперс доoел Скопје

Овластен ревизор
Љубе Ѓорѓиевски

# БИЛАНС НА УСПЕХ

## Технички резултат - осигурување неживот

За годината која завршува на 31 декември

| | Белешки | 2007 | 2006 |
|---|---|---|---|
| ДОСПЕАНА ПРЕМИЈА НАМАЛЕНА ЗА РЕОСИГУРУВАЊЕ | | | |
| Бруто запишана премија | 3 | 1,292,734 | 1,275,302 |
| Повраток на премија | | - | - |
| Преотстапени премии во реосигурување | 5 | (104,491) | 508,382 |
| Нето запишана премија | | 1,188,243 | 1,175,498 |
| Движење во преносна премија | | (11,314) | 37,066 |
